РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2457/4
15 -06- 2021

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 49-та седница одржана на 08.06.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2457/1 од 14.07.2020 година оформен по пријавата од ------------------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2457/1 од 14.07.2020 година, од причина што во конкретниот случај постапила надлежна институција, која согласно своите законски надлежности постапила во конретниот случај и донела одлука во насока на надминување на констатираната состојба пријавена во пријавата.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлука со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3109/1 од 12.06.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава за притисок на работно место од лицето -------------, вработен во ЈКП Комуналец -----, која првично е доставена до порталот на Министерството за информатичко општество и администрација, од каде е препратена до ДКСК на нејзино запознавање и натамошно постапување.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости во постапувањето на ВД Директорот на ЈКП Комуналец --------------поврзано со издавање на Работен налог со број 03-1344/1 од 06.07.2020 година на работникот --------------------, вработен јавен службеник на неопределено време во Секторот Финансиско работење, на ден 06.07.2020 година за вршење на работни задачи Референт за водење евиденција во период од два месеци, кој сметано од 13.03.2020 година ја користи мерката на Владата на РСМ за оправдано отсуство од работа за превенција од ширење на COVID -19.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации бр. 12-2457/2 од 06.10.2020 година до ЈКП Комуналец Прилеп со кое побара да се достави информација за тоа од кои причини ВД Директорот го издал споменатиот Работен налог на работникот --------------------, инаку вработен на неопределено време во Секторот Финансиско работење, на ден 06.07.2020 година за вршење на работни задачи Референт за водење евиденција во период од два месеци, доколку се има предвид дека ова лице сметано од 13.03.2020 година ја користи мерката на Владата на РСМ за оправдано отсуство од работа за превенција од ширење на COVID-19 и да се достави примерок од Правилникот за систематизација на работни места во ЈКП Комуналец Прилеп за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

конкретното работно место со опис и попис на работните задачи и податок за пополнетоста на тоа работно место.

Во законски утврдениот рок беше доставен бараниот одговор со прилог документација од ЈКП Комуналец -------------.

Од направениот увид во пријавата, приложените документи и доставениот одговор од институцијата, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

На административниот службеник ------------- како вработен во ЈП Комуналец ---------- на 13.03.2020 година му било изготвено решение за оправдано отсуство од работа врз основа на мерките и препораките на 15 та седница на Владата на Република Северна Македонија со цел превенција од ширење на Covid 19 врз основа на потврда за родителство на дете на возраст од 10 години , во прилог на кое решение е и изјавата за користење на вакво отсуство согласно изготвената уредба на Владата а кое решение и изјавата именуваниот одбил да го прими и потпише. Директорот на ЈКП Комуналец Прилеп на ден 06.07.2020 година донел работен налог бр. 03- 1344/1 за лицето ----------- за извршување на работни задачи-техничар во оператива и картотека. Согласно Законот за административни службеници незадоволен од донесеното решение -------------- поднел приговор до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување на жалби и приговори на административните службеници во втор степен, која со Одлука бр. 09- 515/5 од 31.07.2020 година приговорот го уважи и работниот налог го врати на повторно одлучување.

Со оглед на утврдената фактичка состојба во конкретниот случај, ДКСК констатира дека именуваното лице ги искористило правни средства кои му стојат на располагање согласно закон и повел законска постапка пред повисок надлежен орган-Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување на жалби и приговори на административните службеници во втор степен, која во рамките на своите законски надлежности, по утврдување на фактичката состојба донела Одлука во која констатирала дека оспорениот работен налог е донесен врз основа на колективен договор кој не е задолжителен и не се применува врз јавните претпријатија основани од општините, со што работниот налог донесен од ВД Директорот на ЈКП Комуналец Прилеп се поништува и предметот се враќа на повторно одлучување пред институцијата која го донела првичното решение - ЈКП Комуналец Прилеп. Оттаму, ДКСК заклучи дека во предметниот случај постапила надлежната институција, која согласно своите законски надлежности донела одлука во насока на надминување на констатираната состојба наведени во пријавата, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување на во предметниот случај и одлучи предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**